Врз основа на член 20 став 1 алинеи 1 и 15, а во врска со член 18 став 1 алинеја 18, од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16), во однос на Информацијата усвоена на 14-та седница на Советот на Агенцијата, одржана на 24.03.2017 година, во врска со Договорот за регистриран залог ОДУ бр.5/06 од 11.01.2006 година, со цел реализација на залогот ОДУ бр.5/06 од 11.01.2006 година и Заклучокот бр.02-1504/2 од 24.03.2017 година, на својата 14-та седница одржана на 24.03.2017 година Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**

1. Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги да даде одобрение директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги да потпише Изјава за пристигање на побарување и Барање за ставање потврда за извршност согласно изјавата за пристигање на побарување, со цел реализација на залогот ОДУ бр.5/06 од 11.01.2006 година.

2. Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

**О б р а з л о ж е н и е**

Во согласност со Одлуката на Владата на Република Македонија за распределба на средствата од радиодифузна такса наменети за финансирање радио и телевизиска програми од јавен интерес - Оглас VI, бр. 19-71/1 од 02 јуни 2005 („Службен весник на Република Македонија" бр.43/05), помеѓу Советот за радиодифузија на Република Македонија, сега Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, и Радиодифузното друштво "Скај нет - Манчев" ДООЕЛ Скопје, склучен е Договор за финансирање радио/телевизиска програма од јавен интерес бр.08-2724/1 од 08.12.2005 година (бр.0306-42 од 08.12.2005 година) во вкупен износ од 732.000,00 денари, а чиј предмет е реализирање на проектот "Најдоброто од Македонија" (4 x 30 = 120 минути), за кој е даден рок за предавање на Советот, најдоцна до 15.06.2005 година. Согласно со член 9.1 од наведениот Договор за финансирање радио/телевизиска програма од јавен интерес бр.08-2724/1 од 08.12.2005 година (бр.0306-42 од 08.12.2005 година), од страна на Советот за радиодифузија на Република Македонија, а во корист на Радиодифузното друштво "Скај нет - Манчев" ДООЕЛ Скопје, е уплатен износ од 292,800.00 денари, како прва рата односно износ од 40%, од Договорот.

Над подвижниот имот сопственост на Радиодифузното друштво "Скај нет - Манчев" ДООЕЛ Скопје, со Договор за залог ОДУ бр.5/06 од 11.01.2006 година, кај нотарот Слободан Поповски, воспоставен е правен однос на залог во корист на заложниот доверител Совет за радиодифузија на РМ за обезбедување на парично побарување во износ од 732.000,00 денари, кои произлегуваат од Договор за финансирање радио/телевизиска програма од јавен интерес бр.08-2724/1 од 08.12.2005 година, помеѓу Советот за радиодифузија и Радиодифузното друштво "Скај нет - Манчев" ДООЕЛ Скопје, што беше објавено во („Службен весник на Република Македонија" бр.7 од 19.01.2006 година).

Централниот регистар – Заложен регистар, со Потврда за прием, потврдува дека на 12.01.2006, во 10:07:27 часот, е примена пријава за регистрација на упис на договор за залог помеѓу заложен должник со Радиодифузното друштво "Скај нет - Манчев" ДООЕЛ Скопје и заложен

доверител и Совет за радиодифузија на РМ и е заведена под единствениот деловоден идентификационен број 10120060000123.

На 22 март 2017 година, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги побара и подигна Информација за регистрирани документи - последна состојба за статусот на предметниот залог од Централниот регистар – Заложен регистар.

Во 2012 година, по доставените препораки од Државниот завод за ревизија, во однос на проектите од јавен интерес, од шестиот и седмиот оглас, финансирани од средствата на радиодифузната такса, кои беа разгледани на 30-та седница на Советот, одржана на 26.07.2012 година, доставени со Информација (број 2011 13 01), наш арх.бр.03-1082/5 од 21.05.2012 година, за преземени мерки по препораките на овластениот државен ревизор содржани во Конечниот ревизорски извештај – Обр.ИЗПМ, во која беше наведено дека *"За делумно исплатените средства по договорите по огласите 6 и 7, доколку не се одобри и прифати проектот од Советот до крајниот рок за завршување на истиот, да се превземат активности за задолжување на корисниците за враќање на средствата со камата"*, Советот за радиодифузија донесе Заклучок бр. 02-4009/10 од 27.07.2012 година, на 8 (осум) субјекти да им упати Опомена пред тужба со која побара најдоцна до 03.08.2012 година да ги вратат аконтативно исплатените парични средства со камата согласно Законот за облигационите односи, во спротивно Советот ќе поведе тужба пред надлежниот суд.

Според тоа, согласно Заклучокот (бр.02-4009/10 од 27.07.2012 година) од 30-тата седница одржана на 26.07.2012 година, а во врска со Договорот за финансирање радио/телевизиска програма од јавен интерес бр.08-2724/1 од 08.12.2005 година (бр. 0306-42 од 08.12.2005 година), на 27.07.2012 година Советот му упати Опомена пред тужба (бр.03-4104/1) на Радиодифузното друштво "Скај нет - Манчев" ДОО Скопје, со која побара најдоцна до 03.08.2012 година да ги врати аконтативно исплатените парични средства со камата согласно Законот за облигационите односи, во спротивно Советот ќе поведе тужба пред надлежниот суд.

Со оглед на тоа дека овој субјект не постапи по доставената опомена пред тужба, Советот за радиодифузија до Основниот суд Скопје II Скопје поднесе Тужба 3ТС- 555/12 од 23.08.2012, (наш бр.03-4386/1 од 23.08.2012), за раскинување на договорот за финансирање радио/телевизиска програма од јавен интерес и враќање на аконтативно исплатените средства.

Основниот суд Скопје II Скопје донесе Пресуда 3 ТС 555/12 од 15.05.2013, (наш бр.03-2743/1 од 13.06.2013), со кое тужбеното барање на тужителот Советот за радиодифузија, се усвојува, меѓутоа по Жалба од тужениот (наш бр.03-3479/1 од 13.08.2013) и Одговор на Жалба на Советот (наш бр.03-3523/1 од 19.08.2013), судот донесе Пресуда 3 ТС 106/14 од 07.05.2014, наш бр.03-2913/1 од 27.05.2014 година, со која се одби тужбеното барање на Советот како неосновано и го задолжи Советот како тужител да му ги надомести на тужениот парничните трошоци во износ определен во првостепената пресуда. Против првостепената пресуда, поднесена е жалба до Апелациониот суд Скопје, кој со второстепена Пресуда, ТСЖ-1633/14 од 23.04.2015 година, наш арх.бр.03-3459/1 од 14.05.2015 година, одлучи дека жалбата е неоснована, првостепената пресуда се потврдува и се задолжи Советот за радиодифузија сега Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги како тужител да ги надомести трошоците. Во однос на наведеното, Агенцијата како тужител, на тужениот Радиодифузното друштво "Скај нет - Манчев" ДОО Скопје, му ги надоместил трошоците во постапката во износ од вкупен износ од 40.165,00 денари.

Во "Службен весник на Република Македонија" бр.26 од 03.03.2017 година, Основниот суд Скопје II - Скопје, објави дека со Решение 4 Ст.бр.545/17 од 27.02.2017 година, се поведува претходна постапка за испитување на условите за отварање на стечајна постапка над должникот Радиодифузно друштво "Скај нет - Манчев" ДОО Скопје, од Скопје. Со Решението 4 Ст.бр.545/17 од 27.02.2017 година, се закажува рочиште, поради изјаснување

по предлогот за отворање стечајна постапка на ден 28.03.2017 година, во 11:30 часот, во судница број XV на III-ти кат. Со истото решение, се определуваат мерки за обезбедување, меѓу кои и дека за привремен стечаен управник се определува лицето Драги Момировски, од Скопје, ул. "[redacted]" бр.[redacted]

На 17.03.2017 година, до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги од претставник од предметниот субјект - Радиодифузното друштво Скај Нет Манчев ДОО Скопје, доставено е Барање за бришење на рачен залог (наш арх.бр.03-1401/1 од 17.03.2017 година, за обезбедување Договорот за финансирање радио/телевизиска програма од јавен интерес бр.08-2724/1 од 08.12.2005 година. Во барањето меѓудругото е наведено дека постапката за предметот 3 ТС 106/14, е завршена односно дека има пресуда (ТСЖ.бр.-1633/14 од 23.04.2015 година), во корист на Радиодифузното друштво Скај Нет Манчев ДОО Скопје, која е правосилна и извршна, а со оглед дека се отстранети причините за постоење на рачниот залог, побарано е истиот да биде избришан.

Во врска со Барањето за бришење на рачниот залог од страна на Радиодифузното друштво Скај Нет Манчев ДОО Скопје (наш арх.бр.03-1401/1 од 17.03.2017 година), а со цел добивање сеопфатни сознанија околу предметниот залог, во насока на обезбедување на заштита и остварување на правата и правните интереси на Агенцијата, Секторот за правни и економско-финансиски работи иницираше состанок со нотар, Слободан Поповски, кај кого е составен нотарскиот акт - Договор за регистриран залог ОДУ бр.5/06 од 11.01.2006 година. Состанокот се одржа на 22.03.2017 година во просториите на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, при што нотар, Слободан Поповски извести дека постојат услови за реализација на предметниот залог, за што е потребно директорот на Агенцијата да потпише Изјава за пристигање на побарување и Барање за ставање потврда за извршност согласно изјавата за пристигање на побарување, со цел реализација на залогот.

Следствено на напред наведеното, врз основа на член 20 став 1 алинеи 1 и 15, а во врска со член 18 став 1 алинеја 18, од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16), во однос на Информацијата усвоена на 14-та седница на Советот на Агенцијата, одржана на 24.03.2017 година, во врска со Договорот за регистриран залог ОДУ бр.5/06 од 11.01.2006 година, со цел реализација на залогот ОДУ бр.5/06 од 11.01.2006 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 14-та седница одржана на 24.03.2017 година донесе одлука како во диспозитивот, која влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,**
**Претседател на Советот,**
**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

**Бр. 02-1544/1**
**24. 03. 2017 година**
**С к о п ј е**

Примерок од Одлуката да се достави до:
- Одделение за административно-правни работи;
- Одделение за економско-финансиски работи; и
- Сектор за информатичка поддршка и општи работи – Архива на Агенцијата.